Јавна установа Национален парк Шар Планина
Република Северна Македонија

Institucioni publik Parku kombëtar Mali Sharr
Republika e Maqedonisë së Veriut

# Извештај за работата на Јавната Установа Национален парк Шар Планина во 2024 година




Јануари 2025

## Contents

1. Активности поврзани со градење на институционалните капацитети ............................ 3
2. Финансиска поддршка ........................................................................................ 5
3. Технички персонал и теренски активности за зачувување на природата........................ 8
4. Активности поврзани со одржливо користење и заштита на природните ресурси...... 33
5. Односи со јавност и соработка со други засегнати страни............................................. 37
6. Обука и соработка ........................................................................................... 45

## 1. Активности поврзани со градење на институционалните капацитети

Во моментов институцијата работи со 4 организациски единици:

- Одделение за правни, економски и општи работи;
- Одделение за заштита на природата;
- Одделение за одржливо користење на природните ресурси;
- Одделение за алтернативни активности и образование за животна средина.

Во овие 4 единици се вработени вкупно 17 лица од кои 13 се технички персонал и се секојдневно се ангажирани во различни теренски активности. Од ноември 2024 година, за нов директор на паркот беше назначен Емир Хусејн, кој го зазема местото на Ибрахим Дехари.

Во ЈУНП Шар Планина за 2024 година се изготвени следниве документи:

- Годишен план за вработување за 2024 година;
- Финансиски план за 2024 година;
- Тарифник за висината на надоместоците за вршење дејности и активности во НП Шар Планина;
- Годишна завршна сметка за 2024 година;
- Финансиски извештај за 2024 година;
- Подготовка и ревизија на План за јавни набавки за 2024 година;
- Одлука за утврдување на цена на огревно дрво за локалното население на територијата на Националниот парк;
- Одлука за спроведување на мелиоративни мерки - проретчување во ниски шуми, во зоните на одржливо користење и активно управување со НП Шар Планина заради санација на претходно опожарени површини;
- План за архивски знаци за 2024 година;
- Извештај за годишниот план за вработување за 2023 година;
- Годишна програма за зачувување на природата за 2025 година;
- Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2024 година;
- План за управување со пејзажни пожари за целата територија на Националниот парк подготвен со поддршка на Шумската служба на САД;
- Регистар на податоци за евиденција на исечена дрвна маса во државна ниска шума од физички лица за свои потреби;
- Месечни извештаи за сеча, набавка и транспорт на дрвна маса;
- Месечни извештаи за штети во шумите;
- Упатство за постапката за решавање на Барање за одобрение за сеча на ретки видови дрвја, индивидуални или групни шумски дрвја на земјоделско земјиште надвор од шума;

- Упатство за постапката за решавање на Барање за одобрение за сеча во приватни шуми;
- Одлука за забрана за користење на природата за организирање туристички активности, фрирајд ски-тури со ратраци на територијата на НП Шар Планина;
- Одлука за забрана за движење на моторни возила надвор од дозволените патишта на територијата на НП Шар Планина.

Во месец август 2024 е формирана и синдикална организација при ЈУНПШП.

## 2. Финансиска поддршка

Јавната установа Национален парк Шар Планина е самофинансирана институција која сè уште нема остварено значителен приход. Водени од политиката дека главниот извор на најзиното финансирање не треба да доаѓа од користењето на природните ресурси, туку од наплатата за екосистемските услуги што ги дава природата, поддршката од донаторите беше од клучно значење во формирањето на новиот Национален парк.

Проценетиот потребен годишен буџет за реализација на активностите од Планот за управување е нешто под 1 милион евра. Таквата финансиска поддршка не е достапна од еден извор на финансирање, затоа ЈУНПШП ја синхронизираше и координираше финансиската поддршка од неколку различни донатори како:

*Влада на Република Северна Македонија*

Во 2024 година беше планирано МЖСПП да го финансира ЈУНПШП со 100.000 евра, но овие финансиски средства беа доделени со рамковен договор за проект со специфичен фокус на инвестиции во објекти кои ќе генерираат приход од наплата на различни екосистемски услуги. Почетокот на проектот е одложен поради административни причини во изборниот процес на Владата. Ова доцнење се одрази на имплементацијата и на приходот кој паркот требаше да го оствари од наплатата на услугите за 2024 година. Проектните активности започнаа во ноември 2024 година и истите ќе продолжат во 2025 година.

*Организација Global Conservation*

Во изминатите 2022 и 2023 година, со поддршката на Global Conservation се реализирани важни активности, како опремување на ренџерската служба, справување со нелегалните активности, следење на дивиот свет, реконструкција на канцелариите на институцијата и набавка на опрема за институцијата. Врз основа на реализираниот напредок, поддршката од Global Conservation за 2024 година беше дизајнирана дополнително да им помогне на институционалните потреби со превиден буџет до 100.000 долари.

Со оваа поддршка се реализирани следниве активности кои подетално се образложени во различни поглавја од извештајот:

- За поефикасно управување и справување со незаконски активности, во 2024 година е пуштен во употреба SMART системот за патролирање, кој е интегриран во еден од плановите за управување со шумите;
- Обезбедување на опрема за ренџерите и техничкиот персонал, вклучувајќи ги трошоците за нафта и бензин и друга теренска опрема за 2024 година;
- Врз основа на спроведената проценка на заканите, ренџерската служба беше опремена со основна опрема за спасување и обучена за процедури за безбедност и спасување;
- Подготвени и испечатени информативни материјали за заедниците, посетители и деца, вклучително и изградба на едукативна патека за важноста на шумските екосистеми.

Со потпишаниот анекс на договорот во јули 2024 година, Global Conservation се согласи да ја продолжи својата поддршка до 2027 година фокусирајќи се на борбата против нелегалните активности, развој на образованието, подигањето на свеста и финансирање на некои од институционалните годишни оперативни трошоци.

### *Фондот за природа „Преспа-Охрид“ – ПОНТ*

Поддршката од ПОНТ е договорена во 2024 година со потпишување тригодишен договор за грант со зголемен годишен буџет од 230.000 евра за 2024 година, 245.000 евра за 2025 година и 265.000 евра за 2026 година. Оваа поддршка се фокусира на спроведување на активностите од Планот за управување поврзан со зачувување на природата, елиминирање на главните закани, следење на клучните видови и живеалишта, институционално зајакнување преку редовна евалуација на ефективноста на управувањето и вклучување на засегнатите страни, вклучително оперативно и административно функционирање на институцијата (придонес за платите на вработените, набавка на канцелариски материјали, возила, итн.). Извештаите за мониторинг на клучни видови и хабитати се достапни како посебни документи и ќе бидат испратени до МЖСПП во електронска форма.

### *Поддршка од Фондот за природа „Преспа-Охрид“ – ПОНТ за невладини организации*

Иако ова не претставува директна финансиска поддршка за паркот, ЈУНПШП е корисник на проектите кои се имплементирани од НВО и финансирани од ПОНТ. Граѓанските организации како Еко свест, Планинарскиот клуб Љуботен, ЦЕД, ЦНВП и голем број помали невладини организации преку подгрантска шема спроведуваат активности поврзани со следење на минималниот еколошки проток на вода во малите хидроцентрали, другите шумски производи, туризмот и зелени бизниси со вклучување на млади луѓе кои придонесуваат за спроведување на активностите од Планот за управување.

### *Поддршка на Бизнис ангелите за зачувување на природата*

Националниот парк Шар Планина е избран како област каде што преку проектот „Природата се враќа“ ќе се развие и тестира иновативен концепт за вклучување на локалните бизниси во заштитата на природата во периодот од 2024 до 2027 година. Акцелераторската програма е поддржана од бизнис ангели од Connectology кои освен што ќе инвестираат одреден процент од своите приходи во идни деловни проекти, ќе ги советуваат младите претприемачи како да бидат поуспешни во бизнисот

### *ОБСЕ*

Донација на противпожарна пумпа, противпожарни црева, противпожарна облека, противпожарна дувалка, Garmin GPS уреди, огноотпорни чизми, повеќенаменски противпожарни алатки и подготовка на карта за ризик од пожари за Шар Планина и масивот Кораб.



*ОБСЕ противпожарни црева и донација за противпожарна пумпа за опремување на возилото 4x4 обезбедено од PONT*

## 3. Технички персонал и теренски активности за зачувување на природата

Техничката поддршка од Global Conservation значително ја подобри ефективноста на теренските активности. Со оваа поддршка беше целосно опремена ренџерската служба, купени се 46 мониторинг камери, мобилни телефони, уреди за двонасочна комуникација, биро компјутери и лаптопи за потребите на паркот.

2023 година беше прва година за ренџерската служба (техничкиот персонал) која беше проследена со обемно запознавање со патишта, локации, села, локални жители, над 150 спроведени патроли (со најчесто четири лица во една патрола) и поминати над 80.000 км. Во ноември 2023 година, на тимот му се придружија уште шест лица технички персонал, беа купени повеќе 4x4 возила со што се овозможи персоналот да спроведува по 3-5 патроли дневно. И покрај редовното запознавање со работата, тимовите го зголемија вкупниот број на патролни километри од 80.000 км за 2023 година, на 139.461 км во 2790 патроли за 2024 година. За појаснување, бројот на километри во една патрола е збир од поминатите километри на сите ренџери во таа патрола.

Раководството на ЈУНП Шар Планина и неколку чувари од 27.11 до 01.12.2023 година учествуваа на обука за SMART системот (бесплатен софтвер и апликација) која беше организирана од Global Conservation. Со користење на системот во периодот од декември 2023 до февруари 2024 година, SMART координаторот ја приспособи апликацијата врз основа на потребите на Националниот парк. SMART патролите се дизајнирани да го олеснат спроведувањето на теренската работата на службата за заштита, а со користење на најнови технологии да се овозможат следење на состојбите на терен, брза реакција, заштита на природата и следење на биолошката разновидност. Имплементацијата на SMART системот беше започната со реализација на пилот патроли од март до крајот на мај 2024 година. Во овој период главна цел беше ренџерите да се навикнат да работат на SMART mobile платформата за патролирање. Од јуни до декември 2024 година ренџерската единица веќе работеше во вклучени патроли, а преку SMART системот беа регистрирани инциденти и набљудувања.

Додека персоналот се навикнува да го користи SMART системот, до крајот на јануари 2025 година ќе треба да се направат неколку прилагодувања, како на пример: само лидерот на тимот да ги вклучи патролите за да избегнат двојни патроли; да се намали бројот на фотографии со цел полесно пренесување на датотеките; поделба на територијата на 8 единици и секој ренџер да биде одговорен за таа конкретна единица каде патролите соодветно ќе се регистрираат. Распоредувањето на мониторинг камерите ќе биде додадено во системот и исто така преку SMART системот ќе се следи здравјето и бројот на дивиот свет на територијата на Националниот парк Шар Планина.

SMART системот за патролирање обезбедува одличен преглед на покриениот терен и значително ја има подобрено ефикасноста на ренџерската служба. Картите подолу го прикажуваат движењето на патролите и теренот кој е покриен. Како што се гледа од

линиите, поголемиот дел од патролите се извршени со возење на патишта што се должи на огромниот терен кој треба да се покрие само со 8 чувари и 2 шумски техничари.




*Карта на покриеност од SMART системот за патролирање 01.01.2024-31.06.2024*



*Карта на покриеност од SMART системот за патролирање 01.01.2024-31.12.2024*

**Patrol Data per Ranger 2024**

| Ranger | January | February | March | April | May | June | July | August | Septembe | October | November | December | Total | Total Patrols | AVG KM Per Patrol |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Alban Dehari | 1938.89 | 2016.44 | 2378.37 | 2404.22 | 2455.93 | 2585.19 | 2714.45 | 2795.88 | 2823.84 | 2725.01 | 1635.00 | 817.50 | 27290.73 | 276 | 98.88 |
| Bashkim Mehmedi | 1729.79 | 1798.98 | 2121.87 | 2144.94 | 2191.06 | 2306.38 | 2421.70 | 2494.35 | 2519.29 | 2431.12 | 1458.67 | 729.34 | 24347.49 | 246 | 98.97 |
| Besnik Dauti | 1542.16 | 1603.85 | 1891.72 | 1912.28 | 1953.40 | 2056.22 | 2159.03 | 2223.80 | 2246.04 | 2167.43 | 1300.46 | 650.23 | 21706.62 | 220 | 98.67 |
| Boban Trpevski | 1577.25 | 1640.34 | 1934.76 | 1955.79 | 1997.85 | 2103.00 | 2208.15 | 2274.39 | 2297.14 | 2216.74 | 1330.04 | 665.02 | 22200.48 | 224 | 99.11 |
| Fariz Farizi | 2030.12 | 2111.33 | 2490.29 | 2517.35 | 2571.49 | 2706.83 | 2842.17 | 2927.44 | 2956.71 | 2853.23 | 1711.94 | 855.97 | 28574.86 | 288 | 99.22 |
| Ilce Daniloski | 2525.48 | 2626.50 | 3097.93 | 3131.60 | 3198.95 | 3367.31 | 3535.68 | 3641.75 | 3678.16 | 3549.43 | 2129.66 | 1064.83 | 35547.27 | 348 | 102.15 |
| Musanif Fejzullahu | 1573.50 | 1636.44 | 1930.16 | 1951.14 | 1993.10 | 2098.00 | 2202.90 | 2268.99 | 2291.68 | 2211.47 | 1326.88 | 663.44 | 22147.69 | 224 | 98.87 |
| Sejdi Tairi | 2114.82 | 2199.42 | 2594.19 | 2622.38 | 2678.78 | 2819.77 | 2960.76 | 3049.58 | 3080.08 | 2972.27 | 1783.36 | 891.68 | 29767.10 | 300 | 99.22 |
| Senad Ibraimi | 2221.29 | 2310.14 | 2724.78 | 2754.40 | 2813.64 | 2961.72 | 3109.81 | 3203.10 | 3235.13 | 3121.90 | 1873.14 | 936.57 | 31265.62 | 316 | 98.94 |
| Tihomir Anoski | 2370.68 | 2465.51 | 2908.03 | 2939.64 | 3002.86 | 3160.91 | 3318.96 | 3418.52 | 3452.71 | 3331.86 | 1999.12 | 999.56 | 33368.36 | 336 | 99.31 |

*Илегални активности*

Беа реализирани голем број заеднички состаноци со органите на управување на редовната и граничната полиција, кои резултираа со неколку заеднички патроли на територијата на Националниот парк.

Понатаму, како заеднички резултат на работата на техничката служба и управниот оддел се поднесени многу пријави и барања до полицијата, шумската полиција, обвинителството и судот:

- 16 пријави до полиција за бесправна сеча од непознати сторители.
- 2 кривични пријави до ОЈО Тетово за бесправно градење.
- 1 кривична пријава до ОЈО Тетово за узурпација на земјиште.
- 1 пријава до МВР Тетово за узурпација на земјиште.
- 1 пријава до МВР Тетово за копачење шума со градежна механизација.
- 3 пријави до МВР Тетово за отворање државен пат без дозвола.
- 2 барања до МЖСПП за расчистување на дива депонија на територијата на Националниот парк Шар Планина.
- 1 барање до општина Тетово за расчистување на депонија и собирање отпад од планинските села.
- 1 барање до општина Тетово за понатамоша постапка - увид поради загадување на природата - фрлање асфалтен шут.
- 1 пријава во полиција за неовластени активности на Макбел Хидро во Националниот парк Шар Планина.
- 1 предлог времена мерка до Основен суд Тетово.
- 1 барање за поднесување прекршочна пријава до Основен суд Тетово за прекршоци по Законот за заштита на природата - возење со крос мотори во зоната на строга заштита.
- 1 информација до ОЈО, Државниот Народен Правобранител, МВР и барање за постапување за неовластени активности во Националниот парк Шар Планина за возење на ратраци за превоз на скијачи во услови на недоволна снежна покривка и непочитување на решение со забрана за дејноста од ЈУНПШП.
- 1 пријава за нелегален транспорт на огревно дрво во возило – нема официјална информација за моменталната состојба на случајот.
- 3 пријава до Државниот инспекторат за земјоделство за риболовен прекршок – преземени се дејствија од страна на инспекторатот.
- 2 пријави до Инспекторат за животна средина за два субјекта за организирање движење на моторни возила спротивно на Законот за заштита на природата и

преземање активности користејќи ја природата на начин што предизвикува оштетување или уништување на биолошката разновидност и активности кои предизвикуваат деградација на почвата и губење на нејзината плодност (спротивно на Законот за заштита на природата) – Инспекторатот поднесе прекршочна постапка до Основниот суд Тетово за две фирми.

- 9 пријави за собирање на други шумски производи во Националниот парк без дозвола.

На територијата на Националниот парк Шар Планина се евидентирани 769 објекти надвор од населените места. Овие незаконски објекти се направени со узурпација на државно земјиште и без пренамена на шумски површини, ниви или ливади во градежно земјиште без дозвола. Поради недоволни информации до каде се наоѓаат точните граници на населените места, овие објекти може да се групираат по општини: Маврово и Ростуше - 5 објекти, Гостивар - 24, Врапчиште - 61, Боговиње - 74, Тетово - 462, Теарце – 115 и Јегуновце - 28.

Во 2024 година веќе се поднесени неколку пријави за узурпација на недвижен имот и бесправно градење на државен и приватен имот. Од вкупно 13 пријави, десет куќи се на државно земјиште. Во пријавите се вклучени и подготвителни работи за изградба, како што се ископи и огради. Јавната установа реагираше во раните фаза, но за жал поради бавната реакција на одговорните институции, овие објекти успеваат да бидат завршени додека предметите се обработуваат.

Горенаведениот преглед е резултат на заеднички дејствија помеѓу техничкиот и административниот персонал во период од една ипол година. Како што може да се види од оваа долга листа, редовното патролирање резултира со поведување на обвинителни постапки. Успешните теренски активности од рано информирање, поднесување пријави, прекинување на нелегални активности, пополнување и доставување на извештаи се активности кои ги спроведува ЈУНПШП. Но, прекршочните и кривичните постапки зависат од обвинителството, судот, полицијата и како што може да се забележи, недостасуваат решенија и пресуди. Според тоа, нелегалната сеча, ловокрадството, бесправното градење, отворање нови патишта, неконтролирано движење на моторни возила, уништување на шумите, шумските пожари и неправилното управување со отпадот и депониите остануваат како постоечки закани во паркот.




*Карта на дозволени и забранети патишта за моторни возила*



*Контрола на ратраци кои вршат услуги надвор од тампон зоната во услови на недоволна снежна покривка*

*Други активности кои придонесуваат за зачувување на природата*

- ✓ Ренџерската служба беше вклучена во над 16 интервенции на шумски пожари (11 во февруари, 2 во март и 3 во април).
- ✓ Подготвени и поставени дополнителни информативни табли.
- ✓ Подготвени и поставени 10 инфо табли за заштита од пожари.
- ✓ Реконструирани 3 моста на Долна Лешница.
- ✓ Обезбеден склад за одземено огревно дрво.
- ✓ По спроведени активности за опсервација на популациите од видот *Sideritis scardica,* беше воведена забрана за собирање на видот од природните наоѓалишта.




*Постер за забрането собирање на Sideritis scardica*

Едно од најголемите достигнувања е во однос на цврстиот отпад во атарите на високите планински села на територијата на паркот. За време на „Генералка викенд“ и во соработка со компанијата за собирање отпад Заубермахер – Тетово, беа исчистени неколку депонии и беше воспоставен систем за собирање отпад во пет високи планински села: Вејце, Вешала, Бозовце, Бродец, и Ѓермо. Повеќе од 1.000 вреќи со цврст отпад беа исчистени од атарите на неколку села, реки, пасишта и полиња. Паралелно со оваа иницијатива беше спроведена кампањата за подигање на свеста преку која голем број други релевантни институции станаа свесни дека цврстиот отпад во голем дел планински села во текот на зимската сезона не се собира и истите бараат трајно решение за негово собирање.



*Активност за чистење отпад во 2024 година во заедничка акција со специјалните полициски сили и Армијата на Република Северна Македонија*



*Реконструкција на еден од мостовите на Долна Лешница*

*Извештај за диви животни на територија на НП Шар Планина за 2024 година*

Управувањето со дивите животни во Националниот парк Шар Планина се врши врз основа на Планот за управување со НП (2023-2032) и десетгодишната Програма за заштита, одгледување и управување со дивечот во Национален парк Шар Планина подготвена во 2023 година. Како што е предвидено во двата стратешки документи, во Националниот парк не е дозволен лов и може да се вршат само санитарни или селективни мерки во случај на зголемување на популацијата на одредени видови или во случај на болести. Земајќи ги предвид постоечките навики на локалното население, посетителите и бизнисите, зачувувањето на природата е голем предизвик. Првичните заложби за зачувување на природата во паркот беа започнати во 2023 година, кога се воспостави режимот за движење на моторни возила и започнаа да се применуваат законите и прописите за сите незаконски активности, додека во 2024 година Паркот влезе во фаза со основна цел да ја „успокои природата“.



*Покриеност со камери на територија на Национален парк Шар Планина*

Со поддршка на PONT, беа дентификувани пет клучни видови и живеалишта како основни параметри за следење на напредокот во зачувувањето на природата па така институционалните капацитети се фокусирани на воспоставување контрола и зачувување

на овие клучни видови и живеалишта. Во 2024 година беше евидентиран нивниот статус на зачувување и беа започнати активностите за мониторинг кои треба да продолжат во наредните години. Треба да се потенцира дека сите активности превземени во насока на воспоставување на приложените резултати се целосна заслуга на вработените во техничката служба и раководните лица. Доброто познавање на теренот, пристапните патишта, навиките на локалното население и интеракцијата со дивите животни како и посветеноста на чуварите на заштитеното подрачје  дадоа одлични почетни резултати. Воспоставувањето на ваков систем со сопствени човечки ресурси е особено значајно за градење на институционалниот капацитет и е единствен позитивен пример во државата каде чуварската служба во целост ја извршува својата основна дејност.



*Поставување камери за мониторинг*

Во периодот од февруари до април 2024 година, со поддршка од Global Conservation беа поставени 40 мониторинг камери на седум локации на целата територија на Националниот парк. Двомесечната мониторинг сесија беше само еден дел од активностите за следење на дивите животни, а сепак обезбеди вредни информации поврзани со општата здравствена состојба на дивите животни. Дел од снимениот материјал е преточен во видео кое може да се погледне на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=VJCAl6V5uFc




*Позиции на камери и опсервирани диви животни на територија на Национален парк Шар Планина*

Врз основа на забележаните знаци за болест добиени од мониторингот, за лекување на ендо и егзо-паразитите кај срните, лисицата и дивокозата на терен се поставени 362 таблети за шуга и 38 парчиња инсектициди со вкупна тежина од 190 килограми. Оваа активност е дел од годишната програма за управување со дивите животни и ќе продолжи секоја година. Покрај видео мониторингот, информациите се надополнуваат со редовното патролирање на чуварите на терен каде се регистрираат сите средби со диви животни од било кој вид на различни локации во паркот. Овој комбиниран пристап за мониторинг на дивите животни обезбедува доволно теренски податоци за популацијата на видовите. Настаните како што се недостаток на храна, вознемирување од луѓе или ловокрадство се неколку фактори кои влијаат на стабилноста на популациите.



*Промена на батерии на камера*

Дополнително треба да се напомене дека во 2024 година Јавната Установа национален парк Шар Планина не правеше прихранување на дивите животни поради изобилството на храна поради тоа што годината беше родна и со исклучително краток зимски период.

Преиодот од јануари до декември 2024 година е прва година во која се вршеше мониторинг на диви животни и истиот даде доволни информации да се извлечат важни заклучоци за неколку видови и тоа:

**Евроазиска кафеава мечка *(Ursus arctos)***

Мечките во националниот парк Шар Планина живеат во сите видови живеалишта: шуми, пасишта, покрај реки и блиску до селата.

Интеракцијата меѓу локалните жители и мечките е стабилна и освен неколку инциденти кога се нападнати говеда, не се регистрирани инциденти со луѓе. Случаите каде мечките имаат направено штета се регистрирани, а сопствениците имаат поднесено барање до Националниот парк за поддршка при поставување електрична ограда.




*Мечка со три мечиња на локација Студа Река*

Според годишниот план за управување со дивите животни се проценува дека има 60 мечки, додека оптималната популација според територијата би требало да биде околу 80 единки. Досега со визуелно пребројување утврдена е бројка од 42 мечки што значи дека популацијата на мечките е стабилна и расте пред се поради изобилството на храна која за жал не доаѓа само од природата, туку и од депониите околу селата. Воедно, се забележува тренд на зголемување на бројот младенчиња мечки од едно легло од две на три младенчиња.

Во 2024 година на територијата на паркот е регистрирана една загината мечка во сообраќајна несреќа и овој случај е пријавен до надлежните министерства и инспекторати. Дополнително, една мечка беше удрена од возило надвор од границите на НП, на автопатот Тетово – Гостивар, но истата по незгодата самостојно се оддалечи од местото.

Мечките по природа се осамени животни, освен кога се во семејни групи составени од мајка со младенчиња или кога се во парови за време на сезоната на парење која е во периодот мај-јуни. Поради високите зимски температури и достапноста на храна околу планинските села, во зимата 2023-2024 година, според стапките во снегот може да се заклучи дека периодот на хибернацијата кај многу мечки бил краток или воопшто не се случил. Инцидентот со фрирајд скијачот во март 2024 потврдува дека ако мајката мечка ја вознемират гласни звуци или таа почувствува дека се приближува опасност, таа веднаш се буди за да се одбрани себеси и своите младенчиња.

Насоки за следната година:

- Да се продолжи со мониторингот на популациите и подигање на свеста кај локалното население и посетителите.

- Отпадот и вознемирувањето остануваат главни закани за популацијата на мечките.

**Дивокоза *(Rupicapra rupicapra)***

Дивокозата е еден од клучните видови во Националниот парк Шар Планина.

Со мониторингот во 2024 година се регистрирани вкупно 144 дивокози. Во годишниот план за управување со дивите животни се проценува дека бројата е 110 единки, додека според територијата оптималната популација би требало да биде околу 340 единки.

Бројот на единки е сè уште далеку под оптимумот, меѓутоа на неколку оддалечени локации со тежок пристап кои се наоѓаат во зоната на строга заштита е забележан зголемен број на дивокози, до 30 единки во едно стадо, како и многу младенчиња.

Постојат области во паркот каде ниту ренџерската служба ниту мониторинг камерите не успеале да забележат присуство на дивокоза. Овие области се редовно вознемирени од моторизирани возила и ловокрадство.




Насоки за следната година: да се обезбеди постојано патролирање на ренџерите, ограничување на пристапот на моторизираните возила и продолжување на активностите за мониторинг на дивите животни.

**Срна** ***(Capreolus capreolus)***

Активностите за мониторинг во 2024 година регистрираа вкупно 43 срни од 190 проценети во годишниот план за управување со дивите животни, или од 360 оптимални популации според територијата.

Малиот број на евидентирани срни покажува дека популацијата се соочува со својот биолошки минимум на целата територија на Националниот парк. Живеалиштето на видот се протега во шуми и ливади, како во приватна така и во државна сопственост. Територијата на паркот има добро развиена патна мрежа, многу шуми во приватна сопственост до кои се движат сопствениците, дополнително има движење на луѓе во повисоките области од овчари и планинари, вклучувајќи го и патот Шарски води, а сето ова вознемирување веројатно придонесува за ваквиот мал број на срни. Покрај вознемирувањето од моторни возила дополнителен притисок на бројната состојба прави ловокрадството.




Насоки за следната година: Да се обезбеди постојано патролирање на ренџерите, ограничување на пристапот на моторизираните возила и продолжување на активностите за мониторинг на дивите животни.

**Балкански рис *(Lynx lynx ssp.balcanicus)***

Рисот е исто така избран како еден од клучните видови во Националниот парк Шар Планина, а чуварите на паркот имаа единствена можност за првпат официјално да регистрираат неговото присуство. Рисот е регистриран во средишниот и најоддалечениот дел на Паркот, за време на интензивната сесија на камерите во февруари-април 2024 година. Овој настан докажува дека мерките за регулирање на движењето на моторните возила и запирање на ловните активности ќе им овозможат на видовите поволни услови за живот. На големината на просторот за живеење на овој критично загрозен вид влијае првенствено достапноста на плен и можноста за засолниште. Првичите резултати од мониторингот покажуваат дека популациите на дивокозата и на срните во оваа област се стабилни, а тоа му овозможуваат на видот предатор како што е рисот да го стабилизира своето присуство.



*Првиот регистриран балкански рис со камера во Национален парк Шар Планина*

Насоки за следната година: Да се обезбеди постојано патролирање на ренџерите, ограничување на пристапот на моторизираните возила и продолжување на активностите за мониторинг на дивите животни.

**Дива свиња *(Sus scrofa)***

Во периодот од 2023-2024 година, популацијата на диви свињи на територија на Национален парк Шар Планина значително варираше поради присуството на вирусот африканска чума. Врз основа на активностите на копање на диви свињи и предизвикани штети во земјоделското земјиште околу високите планински села, бројната состојбата во 2023 година беше стабилна но во 2024 година видот се соочи со својот биолошки минимум откако беа добиени позитивни резултати од земените мостри и беше потврдено присуството на вирус.

Со цел да се сузбијат, искоренат и контролираат заразните болести на територија на националниот парк, Јавната установа Националниот парк Шар Планина склучи договор со Агенцијата за храна и ветеринарство за земање мостри од диви животни и птици. Во рамките на овој договор и добиеното решение за спроведување контролни и заштитни мерки, за рано откривање на вирусот африканска чума, во 2024 година рендерската служба вршеше редовни теренски пребарувања. При овие пребарувања не беа пронајдени угинати диви свињи. Како дел од заштитно-контролните мерки беше спроведен и санитарен одстрел, а во соработка со: Ловното друштво „Кучи Баба“; Ловечко друштво „Шќипоња е Шарит“; Ловечко друштво „Шар Планина“ - Тетово; Ловечко друштво „Љуботен“ – Вратница, во периодот од 15.11.2023 до 15.01.2024 година и од 15.11.2024 до 15.01.2025 година.

Во февруари 2024 г., ЈУНП Шар Планина зеде учество на работилница организирана од Министерство за животна средина и експерти од Литванија околу спроведување на безбедносни мерки при земање на примероци од угинати диви свињи, како и при безбедно закопување на пронајдените угинати диви свињи.

За спроведување на овие безбедносни мерки извршена е набавка на потребна опрема и средства, како и соодветна обука на техничкиот персонал за постапување во вакви случаи.

Бројната состојба на матичниот фонд на дивата свиња за 2024 година на територија на Национален парк Шар Планина изнесува 65 диви свињи, од 220 проценети во годишниот план за управување со дивите животни, или од 310 оптимални популации според територијата.



Насоки за следната година: Да се обезбеди трајно патролирање на ренџерите, да се продолжи со активностите за следење на дивите животни и да се продолжи комуникацијата со сите релевантни институции.

**Други видови диви животни**

Во текот на 2024 година на територија на Национален парк Шар Планина беа забележани и други видови животни но за подетално набљудување се потребни повеќе човечки и финансиски ресурси. Целосниот приказ е даден во табелата подолу.




*Волк (Canis lupus)*




*Лисица (Vulpes vulpes)*

**Преглед на евидентирани диви животни на територија на Национален Парк Шар Планина за период од 01.01.2024-31.12.2024**

| | Камера | Патрола на место викано (01.01.2024 - 31.12.2024) | Вид Дивеч | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мечка *Ursus arctos* | Волк *Canis lupus* | Лисица *Vulpes vulpes* | Срна *Capreolus capreolus* | Дива Коза *Rupicapra Rupicapra* | Еребица Камењарка *Alectoris graeca* | Дива Мачка *Felis silvestris* | Дива Свиња *Sus scrofa* | Зајак *Lepus europaeus* | Куна *Mustela putorius* | Јазовец *Melinae* | Рис *Lynx lynx* | Обичен Елен *Alectoris graeca* |
| Локација | ЛУБОТЕН<br>Фариз Фаризи<br>Сејди Таири<br>Албан Дехари<br>22.02.2024-27.03.2024 | Луботен | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 | 4 | | | | | | | |
| | | Вратница Јелика | 2 | | | 1 | | | | | | | | | |
| | | Селце Беловиште Одри | | | | | | | | 14 | | | | | |
| | | Првце | | | | | | | | 6 | | | | | |
| | | Брезно | | | | 5 | | | | 38 | | | | | |
| | | **Вкупно** | **3** | **1** | **1** | **7** | **5** | **4** | **0** | **58** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Бистрица<br>Тихомир Аноски<br>Бесник Даути<br>Илче Данилоски<br>27.02.2024-29.03.2024 | Мали Казани | | | | | 18 | | | | | | | | |
| | | Вртиште | 1 | | | | | | | | | | | | |
| | | Бистрица | | | | | 6 | | | | | | | | |
| | | Бистрица Чам | 2 | | | | 9 | | | | | | | | |
| | | Сушица | | | | | 6 | | 1 | | | | | | |
| | | Добра Страна | | | | | 7 | | | | | | | | |
| | | Пред бачило на зајко | | | | 2 | | | | | | | | | |
| | | Каменица | 1 | | 1 | | 16 | | | | | | | | |
| | | **Вкупно** | **4** | **0** | **1** | **2** | **62** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Бродец<br>Башким Мехмеди<br>Мусаниф Фејзулахи<br>23.02.2024-28.03.2024+В15 | Глоѓи Јелошник | 3 | | | 1 | | 6 | | 9 | 1 | | | | |
| | | Селце | 1 | | | 3 | | | 1 | | | 1 | 1 | | |
| | | Црн Камен | 1 | | | 1 | 2 | | | | | | | | |
| | | Кобилица Бачило | | | | 1 | | | | | | | | | |
| | | Пат за Јелак | 5 | 3 | | 5 | | 4 | | 1 | 1 | | 1 | | |
| | | Јалак (студа река) | 3 | | | | | | | | | | | | |
| | | Сидол Бафер | | 1 | 1 | 4 | | | | | 2 | | | | |
| | | Вешала | 2 | | | | | | | | | | | | |
| | | Над лисец | 1 | | 1 | 3 | | | | | | | | | |
| | | Бродец | 5 | 1 | 1 | 6 | 2 | | | 4 | | | | | |
| | | **Вкупно** | **21** | **5** | **3** | **24** | **4** | **10** | **1** | **14** | **4** | **1** | **2** | **0** | **0** |
| | Лешница<br>Тихомир Аноски<br>Бесник Даути<br>Бобан Трпевски<br>22.02.2024 | Под Врв Плат | 3 | | | | 2 | | | | | | | | |
| | | Лешница Среден Камен | | | | | 3 | | | | | | | | |
| | | Лешница | | | | 5 | 36 | | | | | | 1 | 1 | |
| | | **Вкупно** | **3** | **0** | **0** | **5** | **41** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| | Боговиње<br>Милорад Андријески<br>Сенад Ибраими<br>Илче Данилоски<br>22.02.2024-29.03.2024 | Чивте поток каменица | 1 | | | | 20 | 3 | | | | | | | |
| | | Езеро над Градец | | 2 | | | | | | | | | | | |
| | | Над Јеловјане | | | | 2 | | | | | | | | | |
| | | Урвич | | | | | | | | | 1 | | | | |
| | | Селце Кеч | 3 | | 1 | | | | | | | | | | |
| | | **Вкупно** | **4** | **2** | **1** | **2** | **20** | **3** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Маздрача<br>Милорад Андријески<br>Сенад Ибраими<br>Илче Данилоски<br>22.02.2024-29.03.2024 | Добридолска Куќа | | | | | 12 | | | | | | | | |
| | | Маздрача | 3 | 1 | | | | | | | | | | | |
| | | **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **12** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | Дуф<br>Милорад Андријески<br>Сенад Ибраими<br>Илче Данилоски<br>22.02.2024-29.03.2024 | Ѓурѓевиште бачило над Бесмир | | | | | | | | | 7 | | | | |
| | | Ломница | | | | 3 | | | | | | | | | |
| | | Пожаране | 3 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | | Печково Грагор | 4 | | | | | | | | | | | | |
| | | Врутoк | 1 | | | | | | | | | | | | |
| | | **Вкупно** | **8** | **0** | **0** | **3** | **0** | **2** | **0** | **0** | **7** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Вкупно забележан дивеч** | | **43** | **8** | **6** | **43** | **144** | **19** | **2** | **72** | **12** | **1** | **3** | **1** | **0** |
| | Загуба на дивеч | | 1 | | | | | | | 7 | | | | | |
| | Предвиден матичен фонд по годишен план за заштита | | 60 | 15-20 | | 190 | 110 | 250-300 | | 220 | 400-500 | | | 2-4 | |
| | Оптимален матичен фонд | | 80 | 25 | | 360 | 340 | | | 310 | | | | 6 | 136 |
| | Разлика помеѓу Оптимален и Сегашен матичен фонд | | 38 | 17 | | 317 | 196 | | | 245 | | | | 5 | 136 |
| | **Матичен фонд за 2024 година** | | **42** | **8** | **6** | **43** | **144** | **19** | **2** | **65** | **12** | **1** | **3** | **1** | **0** |

| Преглед за поставени лекови за ендо и екзо паразити, минерали и инсектициди на територија на Национален Парк Шар Планина за период од 28.02.2024-25.12.2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Датум** | **Место Викано** | **Име и презиме** | **Сол Парче** | **Сол КГ** | **Лекови** |
| 28.02.2024 | Ѓермо | Сејди Таири<br>Албан Дехари<br>Фариз Фаризи | 1 | 5 | 16 |
| | Врапчиште | Сејди Таири<br>Албан Дехари<br>Фариз Фаризи | 1 | 5 | 10 |
| | Вешала према 1 Мај | Башким Мехмеди<br>Мусаниф Фејзулахи | 1 | 5 | 16 |
| | Бистрица Чам | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски<br>Илче Данилоски | 2 | 10 | 14 |
| | Бозовце кај боровите | Мусаниф Фејзулахи | 1 | 5 | 8 |
| | Бистрица К.Рупа | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски<br>Илче Данилоски | 1 | 5 | |
| | Бистрица Три Воде | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски<br>Илче Данилоски | 1 | 5 | |
| 29.02.2024 | Патот за Љуботен | Тихомир Аноски<br>Фариз Фаризи | 1 | 5 | 18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 04.03.2024 | Над Доброште, Првце, Селце и Одри | Мусаниф Фејзулахи<br>Сејди Таири<br>Фариз Фаризи | 3 | 15 | 16 |
| | Пожаране над Калиште | Бесник Даути<br>Башким Мехмеди | 2 | 10 | 16 |
| 06.03.2024 | Селце Црвен Камен | Башким Мехмеди<br>Фариз Фаризи<br>Сејди Таири | 1 | 5 | 8 |
| 07.03.2024 | Вратничко-Беловишко и Јелошничко | Бобан Трпевски<br>Мусаниф Фејзулахи<br>Бесник Даути | 3 | 15 | 20 |
| | Дуф и Долно Јеловце | Сејди Таири<br>Илче Данилоски<br>Башким Мехмеди<br>Албан Дехари | 2 | 10 | 16 |
| 08.03.2024 | Лешница пат за Водопад | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски | 2 | 10 | 16 |
| | Теарце | Мусаниф Фејзулахи<br>Илче Данилоски | 1 | 5 | 8 |
| 09.03.2024 | Над Ново Село, Раковец, Јеловјане и Урвич | Мусаниф Фејзулахи<br>Башким Мехмеди | 2 | 10 | 12 |
| 13.03.2024 | Јеловјан<br>Урвич<br>Новосело<br>Раковец | Мусаниф Фејзулахи<br>Башким Мехмеди | 2 | 10 | 24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14.03.2024 | Бистрица<br>Мв. Караџино | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски<br>Илче Данилоски<br>Мусаниф Фејзули | 1 | 5 | 12 |
| 28.03.2024 | Луботен корито | Бесник Даути<br>Тихомир Аноски | 1 | 5 | 8 |
| 28.03.2024 | Корито Јажинце | Бесни Даути<br>Тихомир Аноски | 1 | 5 | 24 |
| 28.03.2024 | Измеѓу Долно Јеловце и Печково | Илче ДанилоскиСеjди<br>ТаириФариз Фаризи | 1 | 5 | 8 |
| 24.03.2024 | Отуње Варвара | Бесник Даути<br>Бобан Трпевски | 1 | 5 | 4 |
| 24.03.2024 | Над водостан Гостивар | Бесник Даути<br>Илче Данилоски | 1 | 5 | 4 |
| 03.04.2024 | Над Новосело | Илче Данилоски<br>Албан Дехари<br>Сејди Таири<br>Алтин ИДризи | 1 | 5 | 4 |
| 13.05.2024 | Над Гајре и Лисец | Бесник Даути | | | 8 |
| 14.05.2024 | Јелошник | Бесник Даути<br>Мусаниф Фејзулахи | | | 8 |
| 15.05.2024 | Бродец<br>Кубилица | Тихомир Аноски<br>Мусаниф Фејзулахи | | | 12 |
| 23.05.2024 | Студа река | Албан Дехари<br>Мусаниф Фејзулахи | | | 12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24.05.2024 | Кривошија | Анела Ставревска Панајотова<br>Ибрахим Дехари | 1 | 5 | |
| 29.05.2024 | Добридол | Мусаниф Фејзулахи<br>Башким Мехмеди<br>Бобан Трпевски | | | 16 |
| 23.05.2024 | Селце | Сејди Таири<br>Бобан Трпевски | | | 8 |
| 05.06.2024 | Среден Камен | Ибрахим Дехари<br>Сејди Таири | 2 | 10 | |
| 18.06.2024 | Луботен јелика | Бесник Даути<br>Сенад Ибраими | 1 | 5 | 8 |
| 18.06.2024 | Урвич | Илче Данилоски | | | 8 |
| | | **Вкупно** | **38** | **190** | **362** |

*Дизајн на идното Натура 2000 подрачје*

Паркот внимателно ги следеше теренските истражувања кои беа спроведени во 2023 и 2024 година во рамките на ИПА 2 проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES“. Проектот на Натура 2000 се фокусира на типовите и видовите на живеалиштата наведени во Директивата за живеалишта на ЕУ и тимот на паркот беше вклучен во собирањето податоци за живеалиштата и видовите за да направи нацрт план на идното подрачје на Натура 2000. Подрачјето е планирано на 31.000 ха и неговата граница континуирано ја следи северната државна граница, се поврзува со НП Маврово, ги вклучува најрепрезентативните живеалишта и во најголем дел се избегнуваат имоти кои се во приватна сопственост.

Предлогот со најрепрезентативните мапирани живеалишта, видови и птици ги зачувува основните принципи на Натура 2000 според Директивата на ЕУ за живеалишта и Директивата за птици, а произлезе од одличен тим на истражувачи, тимот од Секторот за заштита на природата од МЖСПП, стручното колегијално тело од ЈУНПШП и тимот од ИПА 2 проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES“.



*Завршен состанок за мапирање на идното Натура 2000 подраќје во НП Шар Планина*

## *Развој на туризмот*

И покрај тоа што се спроведени мал број конкретни активности за развој на туризмот во паркот, се очекува пораст на бројот на туристи и туристичката понуда. Ова пред се се должи на напорите за зачувување на природата и работата тимот на НП во поставување на основата за развој на туризмот.

Со активен придонес на персоналот на ЈУНПШП, изготвен е ценовник за наплата на влезници во заштитените подрачја во земјата кој беше одобрен со одлука на Владата во март 2024 година. Иако овој ценовник предвидува влезни билети за сите посетители, раководството на паркот донесе стратешка одлука да на им наплаќа на посетителите, туку само на загадувачите и оние кои користат какви било услуги од планината. Со цел да се достигне 10-годишната визија поставена во планот за управување и Шар Планина да стане една од најпосетуваните дестинации во Европа, сите посетители кои ќе бидат вклучени во еко-туристички активности се добредојдени и не треба да плаќаат влезница во паркот.

Направена е сопфатна анализа и формирани се бази на податоци за : хотели, планинарски домови, пансиони, викендици и други сместувачки капацитети, ресторани, кафеани и други угостителски услужни објекти, даватели на услуги (фрирајд скијање, јавање коњи, изнајмување и поправка на ски опрема и др.), природни убавини ( планински врвови, реки, езера, водопади и др.локалитети ),историски локалитети, археолошки наоѓалишта, културни манифестации, кои ќе бидат искористени како за извор на потенцијални приходи така и за издавање на водич или брошура за НП Шар Планина.

Паркот има подготвено нацрт-спогодби кои се веќе испратени на неколку даватели на услуги кои се очекува да се потпишат во 2025 година.

Дополнително е подготвен и попис на сите корисници на екосистемски услуги, како што се телекомуникациски оператори, антени, столбови за напојување, корисници на води, бачила, итн. и паркот моментално преговара со овие субјекти.

За потребите на паркот со поддршка на еден од локалните планинарски клубови е изработена пилот Студија за пешачки патеки која вклучува 6 детално разработени пешачки патеки во Националниот парк. Следниот чекор би бил нивното воспоставување според сите релевантни национални правила и прописи со цел да се создаде што е можно попријатна средина за еко-туристите.

Главната преостаната закана поврзана со развојот на туризмот остануваат активностите кои предизвикуваат штета и истите не треба да се промовираат и понатамошно да се развиваат. Заложбата на паркот е комплетно изземање на сите активности кои ги користат ресурсите на подрачјето или предизвикуваат нарушување на живеалиштата и видовите.

## 4. Активности поврзани со одржливо користење и заштита на природните ресурси

Стратешката одлука на управата на паркот да се елиминира комерцијалната употреба на природните ресурси како средства за финансирање на неговото институционално функционирање е важен чекор напред во вообичаените практики за зачувување на природата во Република Северна Македонија. Од патролите кои беа спроведени во текот на годината беше јасно дека многу шуми во заштитеното подрачје се деградирани и имаат потреба од ревитализација или пошумување.

За таа цел, во координација со Инспекторатот за шумарство и другите релевантни чинители, беа договорени и спроведени активни мерки за чистење и пошумување на овие површини во 2024 година. На дел од површините каде беше извршено пошумување, спроведена е и примарна нега на прифатените садници, преку осветлување и чистење од приземна вегетација, изданци и избојци од матичниот насад. Ова се првите чекори во обновувањето на шумските живеалиштата на Шар Планина, што е една од основните заложби на Јавната установа и ќе биде редовна практика во годините што следат.



*Активности за обновување на шумски живеалишта*



*Пошумување на опожарена шума и тим билдинг на персоналот на Националниот парк Шар Планина*

Понатаму, како дел од мерките за зачувување на природата и законските обврски, институцијата ги подготви Годишниот оперативен план за противпожарна заштита за 2024 и 2025 година. Годишниот план за 2024 година е надграден на ниво на План за заштита од пожари на пределот со стручна поддршка од Шумската служба на САД. Овој проширен и надграден план ја зема во предвид целата територија на паркот, вклучувајќи ги високите планински пасишта, селата, прекуграничната соработка и сите потребни технички средства за ефикасно управување со пожарите во Националниот парк.

За управување, одржување или подобрување на шумските екосистеми, Јавната установа Националент парк Шар Планина е должна да управува со сите шуми со одобрен Посебен план за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја.

Во согласност со карактеристиките на пределот, административните поделби и пристапот до шумите, територијата на Националниот парк е поделена во пет шумскостопански единици. Со финансиска поддршка од Global Conservation во 2024 година, изготвен е Посебен План за одгледување и заштита на шумите за Шумскостопанската единица „Маздрача - Попова Шапка“ со важност од 2024 до 2033 година. Оваа Шумскостопанска Единица беше интегрирана во SMART системот за патролирање. Во рамките на оваа активност беа реализирани следниве активности:

- Изработена карта со размер 1:20.000, на која се означени границите на шумските насади распоредени по оддели и пододдели;
- Изработена мапа на шумски патишта.
- Спроведено теренско истражување на сите оддели и пододдели, при што беа собрани податоци за дијаметрите на дрвјата во пилот регионите.
- За секој оддел и пododдел е направен опис на живеалиштето, составот и структурата на шумските насади.
- Прибрани податоци за катастарските парцели кои се во приватна сопственост и истите се исцртани на карта.
- Подготвен Образец 1 во кој е даден преглед на шумските површини.
- Извршено одбележување на границите на одделите и пододделите на терен.
- Измерени височините на дрвјата
- Прибрани податоци за тековниот раст на дрвјата.
- Подготовката на планот ја координираше НП Шар Планина и го достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Министерството за одбрана.
- Планот е официјално одобрен и потпишан од Министерот во декември 2024 година.

Снабдувањето со дрва за огрев од приватните шуми е една од најважните теми за локалното население на средбите со локалните селани. Мештаните немаат пракса да бараат дозвола за користење на дрва за огрев и поради тоа речиси секое село има барем по едно семејство кое организира дива сеча и транспорт на дрва. Со цел да се сменат овие незаконски дејствија, Управниот одбор на НП донесе одлука за намалување на цената на дрвата за огрев за лицата кои имаат сопствени шуми. Ваквите мерки се очекува да го мотивираат локалното живеење да ги промени лошите постоечки практики.

Во однос на недрвните шумски производи, стратешката одлука на паркот е институцијата да не издава дозволи за комерцијално собирање на растенија и плодови кои се собираат од дивината. Овие недрвни шумски производи може да ги собира само локалното население кое живее на територијата на паркот, додека при собирање на костенот може да ги собира сопственикот доколку костеновата шума е во приватна сопственост. Како поддршка на локалната економија, Паркот не издава никакви дозволи за собирање, ниту наплаќа никакви надоместоци за собирање на недрвните шумски производи.

Идни чекори: Да се продолжи со мониторинг на видовите и подигање на свеста кај локалното население и посетителите; Паркот ќе организира едукативни и информативни настани за локалните собирачи поврзани со одржливо собирање и одгледување на лековити и ароматични растенија.



*Нацрт верзијата на Шумскостопанската единица „Маздрача - Попова Шапка“ интегрирана во SMART системот за патролирање*

## 5. Односи со јавност и соработка со други засегнати страни

Јавната установа Национален парк Шар Планина редовно и транспарентно одржуваше комуникација со јавноста преку својата веб-страница https://www.sarmountain.org.mk/, профилот на институцијата на Фејсбук https://www.facebook.com/IPSharPlanina, како и преку бројни интервјуа и известувања за голем број локални и национални медиуми. Во сета комуникација со јавноста и во комуникацијата со другите институции се прави максимален напор да се почитува и македонскиот и албанскиот јазик.

На територијата на Националниот парк Шар Планина има 27 села, од кои 25 се постојано населени. Во 2024 година, тимот на НП продолжи да собира информации и да комуницира со сите релевантни чинители за да ги информира локалните жители и посетителите за границите, заштитните зони и дозволените/забранетите активности во заштитеното подрачје. За време на редовните теренски посети, патролниот тим комуницираше со секој поединец што беше сретнат (овчари, собирачи на недрвни шумски производи, сопственици на куќи, планинари, сопственици на шуми, локални жители итн.).

Во 2024 година беа одржани шест рурални форуми во периодот 21.02 - 27.03.2024 година, сите во рамките на проектот „Зајакнување на заедниците во регионот на Шар Планина за одржливо управување со Европскиот зелен појас“, поддржан од Центарот за образование и развој (ЦЕД) и Македонското еколошко друштво (МЕД). Форумите предизвикаа голем интерес кај локалната заедница. Вкупно 168 претставници од сите засегнати страни (скоро 30 учесници на секој состанок во просек) – земјоделски здруженија, компании, невладини организации, ловечки друштва, јавни институции, месни заедници, планинари, индивидуални земјоделци, наставници и локални жители иницираа динамични дискусии за сите различни теми поврзани со нивните интереси. Една од највисоките идентификувани закани во НП се дивата сеча, дивоградбата, движењето на моторните возила и ловокрадството.

Како транспарентен и консултативен механизам во процесите на донесување одлуки, ЈУНПШП ги продолжи редовните годишни состаноци со Советот на засегнати страни и Научниот совет. Двата совети се советодавни тела на институцијата и тие беа активно вклучени во 2024 година за да ја проценат ефикасноста на управувањето на ЈУНПШП преку МЕТТ формуларите. Советот на засегнати страни се состои од претставници од секоја од седумте општини на територијата на Националниот Парк, претставник од планинарските асоцијации и претставник од бизнис заедницата (хотели, ресторани и услуги за велосипедизам, планинарење и фрирајд скијање). Нивното вклучување е од суштинско значење за да се информираат сите засегнати страни. Покрај дискусиите за ефективноста на управувањето со заштитеното подрачје, учесниците се консултираа како да се решат главните закани, изборот на клучните видови и живеалишта и идните мерки што треба да се преземат за нивно зачувување и следење.



*Рурален форум во општина Гостивар*



*Рурален форум во општина Врапчиште*



*Рурален форум во општина Теарце*




*Рурален форум во општина Јегуновце*



*Рурален форум во општина Јегуновце*



*Разговор со жители на НП Шар Планина*



*Потпишување на Меморандум за соработка со 13 планинарски клубови и планинарски федерации*

Локалните и националните планинари се важен партнер на заштитеното подрачје, затоа за периодот 2022-2024 година тимот на НП организираше неколку состаноци за информирање на планинарските клубови за тековните активности, но и за собирање извештаи за какви било незаконски активности. Сите планинарски клубови потпишаа меморандум за разбирање со кој се согласуваат да ја поддржат ЈУНПШП во активностите за чистење отпад и да ги проследат информациите во рамките на нивното членство.

Втората најважна задача на ЈУНПШП, заедно со зачувувањето на природата е да придонесе за едукација за зачувување на природата. Во почетокот на 2024 година и со поддршка на Global Conservation успеавме да ги поставиме основите на едукацијата за животната средина. Откако шумските екосистеми беа идентификувани како едно од најважните живеалишта, во дворот на Јавната Установа е направена едукативна патека, која ги опишува функциите на шумата, жителите, важноста за безбедноста на посетителите, водните ресурси и воздухот, како и правила како да се однесуваме во шумските екосистеми. Содржините беа промовирани во сите основни училишта во Полошкиот регион, нудејќи бесплатна посета и објаснувања од вработените во ЈУНПШП, и како резултат на тоа беа сроведени неколку промотивни посети со едукативни групи, а патеката во период од април до ноември 2024 година ја посетија повеќе од 200 деца од 7 основни училишта од Тетово, од неколку села од полошкиот регион како и од Скопје.

Паралелно со оваа содржина, беше креирана и посебна боенка која се фокусира на приказната за чуварот во потрага по клучните видови и заштита на нивните живеалишта. Овој едукативен материјал беше испечатен на македонски и албански јазик и беше промовиран на неколку едукативни работилници организирани во трите најнаселени села во Националниот парк.

Иницирањето на едукативната компонента е од особена важност за зачувување на природата на долги стази и таквите напори треба да се промовираат и поддржат колку што е можно повеќе во иднина.








*Едукативен настан за промоција на патеката на шумскиот екосистем*



*Едукативна работилница*




*Едукативен материјал*

## 6. Обука и соработка

*Соработка и размена на искуства*

Раководителот на Одделението за одржливо користење на природните ресурси активно учествуваше во дискусиите кои се водеа во рамките на тековниот проект поддржан од УНДП, а се однесуваа на поројниот слив Џепчиште кој е потенцијален ризик за голем број жители во планинскиот и рамничарскиот предел околу селата Ѓермо, Порој и Џепчиште.

Во рамките на проектот „Одржливо користење на природните ресурси во Кораб Коритник, Шара и албанските Алпи“, финансиран од ПОНТ, 13 подгрантисти од граѓанскиот и деловниот сектор добија поддршка за реализација на проекти поврзани со одржливо користење на недрвени шумски производи и туризам базиран на природата во областа на националните паркови Маврово и Шар Планина. По тој повод, тимот на ЈУНП Шар Планина одржа информативен состанок со грантистите - ЦНВП, со цел да се утврди правната и планската рамка за реализација на проектите со цел исполнување на мисијата и визијата на паркот и идентификување на потребните елементи за соработка за проектите на подрачјето на Националниот парк Шар Планина

Во текот на 2024 година, ЈУНПШП имаше бројни продуктивни и консултативни средби со претставници на националните паркови Пелистер, Галичица и Маврово, за координација помеѓу парковите на теми поврзани со заштитата на природата. Оваа размена на искуства беше проширена и со други заштитени подрачја од Србија, главно НП Тара и заштитеното подрачје Златибор.

- ЈУНПШП присуствуваше на пет сесии при Национална работилница за управување со пожари на ниво на предел во Република Северна Македонија, организирани од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како национален партнер, а во соработка со Регионалниот центар за следење шумски пожари. Сите стекнати искуства и разговори помагаат да се пополнат празнините во управувањето со пожарите и да се надгради Годишниот оперативен план за заштита на шумите на Националниот парк Шар Планина за 2024 година.
- Раководителите на Одделението за одржливо користење на природните ресурси и Одделението за заштита на природата учествуваа на работилница за Усогласување на практиките за управување со шумите пропишани во шумските планови во НП Пелистер. Работилницата ја презентираше ревитализацијата на пошумените и деградираните шумски насади преку примена на еколошки прифатливи практики и беше успешно завршена со фокус на подигање на квалитетот на шумските екосистеми. Втората тема беше важноста на мртвата шумска дрвесина која игра важна улога во зачувувањето на биолошката разновидност и е важен дел на екосистемите, претставувајќи природно живеалиште и извор на живот за многу видови.
- Раководителот на Одделението за заштита на природата е дел од советот за управување со речен слив и подготовка на планови за управување со речниот слив во горниот тек на Вардар. Мрежата вклучува претставници од 9-те општини во

Пологшкиот регион, Министерството за животна средина и просторно планирање, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, јавните комунални претпријатија, противпожарните бригади од Тетово и Гостивар и Центарот за развој на полошкиот плански регион. Мрежата е создадена во рамките на проектот што го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а треба да ја олесни и зајакне соработката на сите засегнати страни, со цел да се намали ризикот од флувијални и поројни поплави во полошкиот регион.

- Во рамките на идентификување и справување со потенцијалните еколошки влијанија од двете страни на границата на Шар Планина, во Тетово се одржа средба со претставници на Институтот за просторно планирање, Дирекцијата за администрација на Националниот парк Шари, UN-Habitat Косово и претставници на Националниот парк Шар Планина. На средбата беа презентирани два главни документи: нацрт-просторен план на Националниот парк Шари и нацрт Стратегиска оцена на животната средина за Просторниот план на паркот Шари. Се разговараше за актуелните предизвици на терен, како и за следните чекори за усогласување на документите и активностите на сите засегнати страни, со цел да се обезбеди висок квалитет во просторното планирање, еколошките проценки и управувањето со паркот. Учесниците ја истакнаа важноста на одржливиот развој како клучен елемент во зачувувањето на екосистемот и промовирањето на благосостојбата на заедниците од двете страни на границата.




*Консултативен состанок за просторниот план за Националниот парк Шари, Косово*

- Над 50 претставници на заштитените подрачја, општински претставници, гранична полиција и граѓански организации од регионите на Националниот парк Шар Планина и Маврово во Северна Македонија, Националниот парк Мали и Шар во Косово и природниот парк Кораб Коритник во Албанија, разговараа за потребите и можностите на соработка, координација и заеднички активности за да се спречи уништувањето на шумите, нелегалните дејства, штетите за флората и фауната, како и можностите за развој на туризмот за подобрување на благосостојбата на локалните жители. Овие средби беа организирани од канцеларијата на ОБСЕ во Тирана, во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на одговорот на безбедносните ризици од климатските промени во Југоисточна Европа, Источна Европа, Јужен Кавказ и Централна Азија“, во синергија со Фондацијата ALCDF во рамките на на проектот „Одржлива заштита и користење на заштитените подрачја на планината Шар Планина, Маврово и Кораб-Коритник“, финансиран од програмата ПОНТ.






### *Обуки и градење капацитетите*

- Во рамките на тековната работа, раководителите на одделенијата за заштита на природата и одржливо користење на природните ресурси одржаа серија едукативни сесии за чуварите на паркот со цел да ги подготват за секојдневните предизвици како чувари на паркот.
- Во текот на 2024 година, ЈУНПШП со неколку претставници учествуваше во серија модули кои беа направени како дел од обуката за екосистемски услуги спроведена од „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија“ и во серија обуки во рамките на проектот Натура 2000 финансиран од ЕУ.
- Соработникот за ИТ присуствуваше на обука за обработка, анализа и складирање на податоци, како и презентација и визуелизација на податоците. Обуката ја одржува професионална академија специјализирана за таа област.
- Вишиот соработник за правни работи во ЈУНПШП учествуваше на обука на тема „Предизвици во примената на постојните административни прописи – во очекување на нови законски решенија“ во Будимпешта, Унгарија. Целта на оваа обука беше запознавање и дискусија за конкретни прашања, регулирани со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работни односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор. Беа дискутирани најчестите предизвици кои се јавуваат кај вработените од областа на управувањето со човечките ресурси при примената на законите во секојдневното работење, како што се: изработка на функционална анализа, планирање на вработување во јавниот сектор, вработување, видови на вработување и други прашања.

- Соработникот за ИТ во октомври 2024 година имаше 1 неделна обука за SMART системот во Охрид, организирана од Европската асоцијација за ренџери во координација со ЗОО Северна Каролина. Врз основа на знаењата добиени од таа обука, како пилот програма почнувајќи од март 2025, Националниот парк Шар Планина планира да се префрли на Smart Connect системот со цел да се добиваат податоците во реално време.
- Со цел да се одржи соживотот човек-животно, двајца чувари од Националниот парк Шар Планина се приклучија на тимот за интервенција за големите месојади во Република Северна Македонија.
- Еден чувар од Националниот парк Шар Планина учествуваше на обука за користење на различни стапици за мечки и безбедно управување со заловените животни. Обуката беше организирана во рамките на проектот Large Carnivore Connect имплементиран со финансирање од ПОНТ. Притоа, членови на организациите Заштита и зачувување на природната средина во Албанија и Македонското еколошко друштво од страна на ARCTUROS беа обучени за фаќање мечки во стапици и нивно управување. Учесниците го посетија и Меѓународниот центар за животна средина на ARCTUROS , разменија знаење и разговараа за прашања поврзани со зачувување на екосистемите и биолошката разновидност во балканскиот регион.



*Обука за користење на различни стапици за мечки и безбедно управување со заробени животни*

- Во април 2024 година од страна на специјализиран тим од Шумската служба на САД беше реализирана петдневна обука за ефективно управување со шумски пожари. За честите пожари на територијата на НП потребна е ефикасна тактика, современа

методологија, тимски пристап и безбедносни протоколи. Освен целиот персонал на паркот, на обуката учествуваа и претставници на неколку различни засегнати страни. Ова поинакво вклучување на засегнатите страни вклучуваше дискусии за синхронизација и подобрување на меѓуинституционалната соработка за заштита на природата, дивиот свет, државните и приватните имоти, со цел заштита на интересите и благосостојбата на локалните жители кои живеат во НП Шар Планина.



- За потребите на паркот беше направена четиридневна обука за пребарување и спасување, прва помош и техники за планинарење. Обуката беше дизајнирана и спроведена во јуни 2024 година, а се однесува на личната безбедност на чуварите. Обуката исто така вклучуваше основни знаења за качување по карпи, техники на спуштање со јаже, поставување системи за сидро и управување со јаже. Ова основно знаење е од клучно значење за сопствената безбедност на ренџерите, но и за безбедноста на посетителите во поддалечените делови на паркот каде нема мрежна покриеност.



*Обука за пребарување и спасување, обука за прва помош и планинарски техники*






*Обука за пребарување и спасување, обука за прва помош и планинарски техники*

- Одржана обука на чуварската служба за мерење на протокот на вода во реките на Шар Планина, како дел од проектот „Заштита на реките преку воспоставување на мониторинг и практики за обновување на речните живеалишта во заштитените подрачја“, финансиран од ПОНТ и имплементиран од Еко- свест, во соработка со НП Маврово и НП Шар Планина. Обуката беше спроведена на реката Бистрица и имавме можност да се запознаеме со методологијата и техниката на мерење на протокот на вода, а воедно да направиме контролни мерења на протокот на вода од трите мали хидроцентрали изградени на оваа река.



- Спроведена е обука на сите вработени за заштита и безбденост при работа

Обезбедената долга листа на посетени обуки и настани за градење капацитети наведени во овој извештај зборува за професионалноста на персоналот на НП Шар Планина, подготвеноста да учи и да расте со цел да го подобри своето индивидуално, но и функционирањето на институциите.